


**“Фондацијата Фридрих Еберт – Скопје”** во соработка со
**“Асоцијацијата за инклузивен и одржлив развој - SIGA”**
распишуваат

# КОНКУРС за учеснички на
# “Future is Feminist”

Програмата “Future is Feminist” претставува серија на обуки за млади и инспиративни девојки и жени кои се спремни да учат, напредуваат, водат и служат на демократските процеси и целат кон развој на нивната кариера во бизнисот или политиката.

Обуката треба да обезбеди разбирање и вештини за управување со човечки ресурси, буџет, приоритети и време, како и продлабочени знаења за принципите на женското владеење.

Оваа програма се разликува од останатите обуку во тоа што допира до лични и политички прашања.  Обуката се фокусира на четирите клучни карактеристики: знаење, ставови, вештини и навики. Со таа цел, пред почетокот на обуката предвидена е проценка на потребите на учесничките.

Обуката се организира во период од 6 месеци (април- ноември)  во кој ќе се одржат 4 тематски единици во траење од 2 дена или вкупно 8 работни дена.

**Тематска единица 1 -** Интегритет и управување со човечки ресурси
**Тематска единица 2 -** Репутација и управување со буџет
**Тематска единица 3 -** Управување со приоритети и време
**Тематска единица 4 -** Принципите на женско владеење и јавност

**Цел на академијата**

Целта на програмата е да се детектираат и обучат млади девојки и жени кои ќе ги зајакнат своите лидерски вештини за да го менуваат општеството кон подобро.

**Услови за учество**

Право да конкурира за учеството на обуката имаат млади прогресивни девојки и жени на возраст  на возраст од 21 – 29 години кои сакаат да напредуваат во својата кариера и кои имаат прогресивни ставови и вредности.

**Селекција на кандидатите**

Кандидатките ќе бидат селектирани врз основа на поднесената апликација за учество. Сите пријавени кандидатки ќе бидат известени за резултатите од селекцијата, најдоцна, до 4 април 2023 год. по електронска пошта. Дел од селектираните кандидатите може да бидат повикани на дополнително усно интервју во периодот од  5-6 април 2023 год.

Непотполни документи нема да се разгледуваат!

**Поднесување на документите**
Документите за пријавување треба да се поднесат, најдоцна, до 31 март 2023 година на е-маил: nita.starova@fes-skopje.org  со наслов Апликација за учество на програмата “Future is Feminist”.

**Потребни документи за учество**
1. Биографија со наведени контакт -податоци
2. Писмо за мотивација

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

SIGA
Sustainable Inclusive Growth Association